Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.02.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1000 | 1 | |

*ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО*
*РО бр. 8/17*
*Скопје, 17.02.2017 година*

***ДО***
***АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И***
***АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ***
***ул. "Македонија" бр.38***
***С К О П Ј Е***

Ве ажа • Архивант 03.06
Рок на чување 10 год.
____ 20 __ г. Потпис,
Скопје ________

***ПРЕДМЕТ:*** Известување
***ВРСКА:*** Ваш бр. 30-6756/1 од 30.12.2016 година

Во поглед на известувањето со барање за постапување бр.30-6756/1 од 30.12.2016 година, поднесено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Ве известуваме дека во Основното јавно обвинителство - Скопје е донесена - Резолуција, согласно која нема место за јавно обвинителска интервенција, од причина што од кривично-правен аспект не постои основано сомневање дека било извршено кривичното дело - Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа од чл.319 ст.1 од КЗ, ниту друго кривично дело кое се гони по службена должност.

Имено, имајќи ги предвид прилозите во предметот, а особено содржината во ЦД-то со назнака "Сител вести", произлегува дека истите содржат наводи кои се емитувани во време на изборна кампања со намера да се постигне одредена политичка цел, но не и предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост, со оглед да нема дејствија на присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, оштетување на туѓи предмети, скврнавење на споменици, гробови, ниту пак притоа дошло до разгорување на национална, расна или верска омраза, раздор, нетрпеливост, безредие или насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, поради што сметам дека нема место за јавнообвинителска интервенција.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
***Наташа Сарамандова***

(печат: ... Скопје)